Australian Government

# Ревизија на Мултикултурната рамка

## Претставување на ревизијата на Мултикултурната рамка

Австралиската влада со задоволство го објавува извештајот за ревизијата на Мултикултурната рамка.

Ревизијата ја проучува состојбата на мултикултурното општество на Австралија и предлага промени на закони, политики и институционални поставки што се потпираат на неговите силни страни и му овозможуваат да одговори на современите предизвици.

Ревизијата ја спроведоа три истакнати Австралијани - Dr Bulent Hass Dellal AO, Ms Nyadol Nyuon OAM и Ms Christine Castle. Комисијата за ревизија беше поддржана од информирана и релевантна референтна група: Mr Osmond Chiu; Ms Swati Dave; Ms Rana Ebrahimi; Mr Bachar Houli; Mr John Kamara; Ms Premila Levaci и Mr Mohammad Al-Khafaji.

Владата објави информации за ревизијата и покана за поднесување мислења во текстови на 33 јазици и во аудио-формат на 35 јазици. Комисијата прими 796 поднесоци,

126 на други јазици, што потоа беа преведени за да се добијат информации за мислењата. Исто така, таа покани млади луѓе на возраст од 4 до 24 години да ги изразат преку слики нивните искуства и погледи за нашето мултикултурно општество. Нивните 103 уметнички дела може да се видат на www.homeaffairs.gov.au/onlineartexhibition.

## Одржувањето на нашата успешна мултикултурна приказна

Најмалку 65.000 години Абориџините и луѓето од Островите во Теснецот Торес одржуваа многу култури на овој континент. Од времето на колонизацијата, тие се спротиставуваа на систематски и понекогаш насилни обиди да бидат искоренети. Успешниот мултикултурализам почнува со поголемо разбирање и славење на историјата и културите на Првите нации.

Иако доселувањето на австралискиот континент започна во 1788 година, од 1945 година Австралија прими 7,5 милиони доселеници, меѓу кои 950.000 бегалци и лица со хумантирни потреби. Овие длабоки, но мирни промени се извор на национална сила и гордост.

# Клучни наоди на ревизијата

Комисијата патуваше ширум Австралија за да се консултира со повеќе од 1430 поединци и 750 организации.
Меѓу многуте согледувања, комисијата заклучи:

- Додека владата мора да воспостави закони и политики за да спречи дискриминација, промовира еднакви можности и обезбеди пристап до силни јавни служби, сите луѓе кои ја сметаат Австралија за дом ја споделуваат одговорноста за одржување на нашето мултикултурно општество.
- Регионалните заедници се сè поразнолични во поглед на културата и се значаен дел од мултикултурната приказна.
- Многу фактори ги обликуваат поразноличните животи на Австралијаните. Кога создава политика, Владата мора да ги земе предвид испреплетените форми на дискриминација.
- Младите луѓе, кои ќе ја дефинираат мултикултурната иднина на Австралија, мора да бидат во центарот на размислувањата за создавање политики.

Комисијата донесе 29 препораки кои произлегуваат од трите основни принципи на ревизијата:

- **Поврзаност** - поставување на темелите на мултикултурна Австралија низ лидерство, планирање и одговорност меѓу сите нивоа на власта и заедниците.
- **Идентитет и припадност** - создавање на гостопримлива Австралија преку програми по англиски јазик, политика за државјанство, и учество во уметноста, културата, спортот и медиумите.
- **Вклученост** - градење на културна способност во јавните служби, приспособување на програми за грантови, обезбедување на дигитална вклученост и силен сектор на јазични услуги, и задоволување на единствените потреби на младите луѓе и регионалните области.

Ова е една од најсуштинските и обмислени ревизии на австралискиот мултикултурализам што било кога биле спроведени. Владата се обврзува и ќе биде водена од принципите на Рамката додека ја зголемуваме нашата посветеност мултикултурната подлога на Австралија да ги искористи талентите на сите Австралијани.